**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ИСТОРИЈА

## за II година

**гимназиско образование**

**Скопје, 2026 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Балканот во Стариот век***<br>• ***Балканот во Средниот век***<br>• ***Балканот во Новиот век***<br>• ***Балканот во Најновиот век*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди.<br>• Учебник.<br>• Енциклопедии, речници, историски атлас, збирки на историски извори, историски стручни учебници и монографии.<br>• Историски карти за сите периоди од балканската историја (стар век, среден век, нов век и најнов век) .<br>• Илустриран материјал, хамер, флипчарт, маркери, компјутер, ЛЦД проектор.<br>• Документарни, играни и анимирани филмови за:<br>праисторија, стари цивилизации, среден век, нов век и најнов век; хронолошки таблици; балканско културно наследство; Средоземно море; археолошки наоѓалишта на Балканскиот полуостров; историски музеи; организација на власта; културно-историско наследство; христијанството, исламот и јудаизмот; цркви, манастири, џамии и синагоги; развојот на градовите на Балканот; хуманизам и ренесанса, училишта и универзитети; револуциите во 19. и 20. век, војните на |

| | |
|---|---|
| | Балканскиот полуостров и воените злосторства; меѓународни договори, економски промени, движење на населението, епидемии и природни катастрофи. |
| **Норматив на наставен кадар** | • дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**ТЕМА**: ***БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК***
**ВКУПНО ЧАСОВИ: 18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги лоцира на историска карта и временска лента клучните простори и периоди на Балканот во Стариот век.
2. ги опишува и споредува основните форми на политичка организација (племенски заедници, полиси, кралства) на Балканот.
3. ги објасни причините и последиците од римската експанзија и вклучувањето на балканските простори во римскиот провинциски систем.
4. ги идентификува општествените слоеви и односите во илирски, тракиски, македонски и грчки контекст и да ги поврзе со секојдневниот живот.
5. го објасни развојот на економските мрежи (производство, трговија, колонизација, урбан живот) и нивната улога во поврзувањето на Балканот со поширокиот свет.
6. ги опише главните религиски и културни обележја (култови, уметност, писменост, архитектура) и ја препознава нивната трајност во културното наследство.

Ученикот/ученичката ќе:

| | |
|---|---|
| 1. ја вреднува улогата на материјалните и пишаните извори за реконструкција на минатото на Балканот во Стариот век.<br><br>2. развие свест и почит за античкото културно наследство како дел од европската и регионалната историја. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
| ● **Ранобалкански политички заедници: Најрани државни заедници (Крит и Микена), племенски организации на Балканските народи**<br>(бронзено време, минојска цивилизација, микенска цивилизација, дворец, линеарно Б, племе, поглавар, сојуз на племиња, тврдина) | ● Ги наведува главните рани заедници и племиња на Балканот.<br>● Ги дефинира основните поими за племе, поглаварство и рана државност.<br>● Ги лоцира клучните региони на историска карта и временска лента.<br>● Ги опишува особеностите на раните политички и општествени организации.<br>● Ги споредува племенските структури со раните палатни/градски центри.<br>● Ги анализира причините за појава на сложени заедници (економија, војна, трговија).<br>● Објаснува што може или не може да се заклучи од археолошките извори за овој период.<br>● Изработува кратка реконструкција на секојдневието врз основа на избран извор или наод. |
| ● **Грчките полиси; Македонското кралство; Одриското кралство, Илирските кралства, Епир; регионалната рамнотежа на моќ**<br>(полис, агора, акропол, граѓанство, монархија, воен сојуз, хегемонија, дипломатија, рамнотежа на моќ) | ● Ги именува основните облици на уредување (полис, кралство, сојуз).<br>● Ги објаснува поимите граѓанство, аристократија и монархија во антички контекст.<br>● Ги користи картата и временската лента за лоцирање на главните политички центри и периодите.<br>● Ги опишува институциите и носителите на власта во полисот и во кралството.<br>● Ги споредува механизмите на власт и учеството во неа (граѓани/поданици).<br>● Анализира како сојузите и хегемониите ја менуваат рамнотежата на моќ.<br>● Ги вреднува последиците од политички одлуки врз општеството и економијата.<br>● Составува куса аргументирана споредба „полис наспроти кралство“ со соодветни примери. |
| ● **Римската експанзија и провинциската консолидација на Балканот**<br>(Римска република, Римска империја, легија, провинција, даночење, патна мрежа, урбанизација, романизација, Pax Romana) | ● Ги наведува клучните фази на римското ширење на Балканот.<br>● Ги дефинира поимите република, империја, провинција и легија.<br>● Го применува поимот „провинција“ при читање карта на управни поделби.<br>● Ги опишува промените во управата, даноците и инфраструктурата.<br>● Ги споредува локалните елити пред и по римската интеграција. |

| | |
|---|---|
| | ● Анализира причинско-последични врски: војна–власт–урбанизација–економија.<br>● Објаснува добивки и загуби за различни групи (елита, селани, градско население).<br>● Изработува краток извештај со доказ(и) за процеси на романизација. |
| ● **Општествените структури во илирски, тракиски, македонски и грчки контекст** (род, племе, аристократија, граѓанство, метојки, робови, демос, двор, патријархат, аристократија) | ● Ги набројува општествените слоеви и статуси што се среќаваат во антиката.<br>● Ги објаснува разликите меѓу граѓанин, слободен жител и роб.<br>● Го применува поимникот за да опише улоги во конкретен пример/случај.<br>● Ги опишува семејните и родовите односи и нивната улога во заедницата.<br>● Ги споредува општествените односи во полисна и палатна средина.<br>● Анализира како економијата и војувањето влијаат врз раслојувањето на општеството.<br>● Објаснува како статусот влијаел врз правата, обврските и секојдневието.<br>● Изработува „социјална карта“ на одредена заедница со образложени врски меѓу слоевите. |
| ● **Економски мрежи: земјоделство, трговски патишта, колонизација и урбан живот** (земјоделство, лозарство, маслинарство, трговски патишта, колонија, монета, пристаниште, пазар, урбанизација) | ● Ги наведува главните стопански дејности (земјоделство, занаети, трговија).<br>● Ги објаснува поимите колонија, монета, пазар и пристаниште.<br>● Го применува читањето карта за трговски правци и крајбрежни центри.<br>● Ги опишува врските меѓу производство, размена и раст на градови.<br>● Ги споредува локална размена со далечна трговија (ризици, добивки, актери).<br>● Анализира како колонизацијата влијаела врз ресурси и контакти меѓу заедници.<br>● Објаснува влијание на монетаризацијата врз општествени односи.<br>● Изработува кратка студија на случај за „град како трговски јазол“ со докази. |
| ● **Религиски системи: политеизам, мистериски култови, автохтони култови и римска религиска интеграција** (политеизам, пантеон, култ, жртвување, мистерии, пророчишта, автохтони божества, империјален култ, синкретизам) | ● Ги наведува основните форми на религиозност (култ, жртва, празник).<br>● Ги објаснува поимите политеизам, култ, синкретизам и империјален култ.<br>● Го применува поимникот при толкување религиски симболи, натписи и обреди.<br>● Ги опишува функциите на религијата во заедницата (идентитет, легитимација, морал).<br>● Ги споредува јавните култови со мистериските практики според целта и учеството. |

| | |
|---|---|
| | ● Анализира како религијата се користела за политичка интеграција и во локалната автономија.<br>● Објаснува религиски промени како резултат на освојувања и културни контакти.<br>● Изработува куса презентација за „Религијата и власта“ со примери и аргументи. |
| ● **Материјалната култура на Балканот во предкласично време**<br>(керамика, металургија, алатки, оружје, накит, погребни обреди, могили, трговска размена, археолошко наоѓалиште) | ● Ги именува најчестите материјални траги (керамика, оружје, накит, гробови).<br>● Ги објаснува поимите археолошко наоѓалиште, слој, артефакт и контекст.<br>● Го применува основното датирање (релативно/по слој) во едноставен пример.<br>● Опишува што кажуваат предметите за технологијата и секојдневието.<br>● Ги споредува типовите погребни обреди и нивните можни значења.<br>● Анализира врски меѓу материјалната култура и општествениот статус.<br>● Ги Објаснува ограничувањата на археолошкиот извор и ризикот од погрешни заклучоци.<br>● Изработува краток опис на одредена култура/заедница врз основа на „пакет“ на наоди. |
| ● **Класична и хеленистичка културна продукција низ Балканот**<br>(класичен период, хеленистички период, хеленизација, театар, филозофија, скулптура, архитектура, гимназион, библиотека) | ● Ги наведува клучните културни области (театар, филозофија, уметност, архитектура).<br>● Ги објаснува поимите класичен период, хеленистички период и хеленизација.<br>● Го применува поимникот при анализа на уметнички/архитектонски пример.<br>● Ги опишува патиштата на ширење идеи и стилови (училишта, палати, градови).<br>● Ги споредува класичните и хеленистичките естетски и идејни модели.<br>● Анализира како политичките промени влијаеле врз културното покровителство.<br>● Го Објаснува трајното влијание на античката култура врз подоцнежните традиции.<br>● Составува кус есеј на тема „зошто културата станува средство на престиж“. |
| ● **Римското архитектонско, правно и јазично влијание на балканските простори** | ● Ги набројува типичните римски градби и инфраструктурата.<br>● Ги објаснува поимите урбанизам, форум, аквадукт, право и епиграфика.<br>● Го применува читањето визуелни извори (план, фотографија, натпис) за идентификација. |

| | |
|---|---|
| (римска архитектура, патишта, аквадукт, амфитеатар, форум, римско право, граѓанско право, латински јазик, епиграфика, урбанизам) | ● Ги опишува улогите на правото и администрацијата во управувањето.<br>● Ги споредува локалните и римските елементи во градскиот простор и јавниот живот.<br>● Анализира како инфраструктурата ги менува економијата и мобилноста.<br>● Го Објаснува степенот на културна интеграција преку јазикот, имињата и обичаите.<br>● Изработува кратка „историска прошетка“ (опис/карта) во римски урбан центар. |

**<u>Примери за активности:</u>**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- периодизацијата на Балканот во Стариот век (бронзено/железно време; класичен/хеленистички период; римски период);
- клучните пресврти: појавата на полисите и кралствата; римските освојувања и создавањето провинции;

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- местоположбата на главните полиси, како и кралствата и нивните центри;
- римските провинции на Балканот и главните комуникациски правци (патишта, пристаништа);

**Квиз**:

- на тема: политички облици и институции на античкиот Балкан (полис, кралство, сојузи, граѓанство, провинција, легија и др. политички поими);

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- типови извори за античкиот Балкан (археолошки, епиграфски, нумизматички, наративни) и што може да се дознае од секој од нив;
- „антички град“: јавни простори и нивни функции (агора/форум, светилиште, театар, бањи, некропола и др. урбанистички поими);

**Истражување и критичко размислување**:

- Индивидуално истражување на интернет за прашањето: како историчарите и археолозите реконструираат трговски мрежи преку монети, амфори и натписи?

**Визуелизација и креативна продукција**:

- Изработка на постер на тема: „Римски град на Балканот“: инфраструктура, секојдневие, локални и римски елементи;

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:

- Римската власт како фактор на стабилност, но и на зависност: аргументи од перспектива на различни општествени групи;
- граѓанство и учество како основа на политичкиот живот во античкиот свет;

**Соживување со минатото:**

- кус дневник на тема „еден ден на млад човек/девојка во антички град“, со најмалку три детали поткрепени со извор/материјален доказ;

**Актуелизација на историјата:**

- Дискусија: античкото културно наследство во современиот јавен простор: што значи зачувување, а што значи комерцијализација?

**Улогата на личноста во историјата:**

- Александар III Македонски како пример за обединување на воената моќ, пропагандата и културните контакти: куса проценка со примери и аргументи;

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- „Што му должи современата Европа на античкиот Балкан: идеи, право, градови, култура“;

**ТЕМА:** ***БАЛКАНОТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК***

**ВКУПНО ЧАСОВИ: 18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го објасни променливиот опсег на византиската власт на Балканот и улогата на политиката, војните и дипломатијата.
2. ги опише клучните процеси на создавање и развој на средновековните балкански држави и нивните односи со соседите.
3. ги анализира причините и последиците од крстоносните походи, инвазиите и османлиското навлегување на Балканот.
4. ги опише феудалните односи и руралната организација и да ја поврзе социјалната структура со економијата и обврските на населението.
5. ги спореди религиските и црковните рамки (православие, католицизам, богомилство) и да ги објасни почетоците на исламизацијата како историски процес.

6. ги препознае и опише особеностите на средновековната култура (манастири, писменост, уметност, книжевност и усна традиција) и нивната улога во формирањето на историското сеќавање.

Ученикот/ученичката ќе:

1. ја вреднува улогата на културните и религиските институции во зачувување на писменоста и традициите во средновековниот Балкан.
2. развие критички однос кон историските наративи за средниот век преку споредување извори и перспективи

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
|---|---|
| ● **Византиската власт и нејзиниот променлив опсег на Балканот** (Византија, Константинопол, василевс, теми, стратези, даночен систем, дипломатија, вазалство, граница) | ● Ги наведува главните механизми на владеење (администрација, војска, дипломатија).<br>● Ги објаснува поимите тема, стратези, даноци и гранични зони.<br>● Го применува картографскиот приказ за промените на границите низ времето.<br>● Ги опишува факторите за ширење/намалување на државата (војни, бунтови, договори).<br>● Ги споредува воените и дипломатските стратегии во различни ситуации.<br>● Ги анализира причинско-последичните врски меѓу центарот, провинциите и локалните елити.<br>● Ги објаснува ефектите на управата врз градовите, селата и трговијата.<br>● Составува куса анализа на извор (хроника/документ/карта) за еден конкретен настан. |
| ● **Средновековните балкански држави (Бугарија, Србија, Хрватска, Дукља); Средновековна Арберија** (царство, кралство, династија, престолнина, феудална хиерархија, вазалство, крунисување, титула, наследување, албански кнежевства) | ● Ги именува државните форми и титули (царство, кралство, кнез, крал, цар).<br>● Ги објаснува поимите династија, крунисување и легитимитет.<br>● Го објаснува навлегувањето на Словените на Балканот.<br>● Ги идентификува промените во Арберија под византиска власт.<br>● Ги опишува институциите на власта и односите со благородништвото (Арберија, Бугарија, Дукља, Србија, Хрватска).<br>● Ги споредува различните модели на државност и наследување на власта (Арберија, Бугарија, Дукља, Србија, Хрватска).<br>● Ја анализира улогата на војната, религијата и сојузите во подемот на средновековните држави (Арберија, Бугарија, Дукља, Србија, Хрватска). |

| | |
|---|---|
| | ● Ја објаснува стабилноста на државите според внатрешни и надворешни фактори (Арберија, Бугарија, Дукља, Србија, Хрватска).<br>● Составува куса компаративна табела/текст со аргументирани заклучоци. |
| ● **Крстоносни походи, инвазии, османлиското навлегување и отпорот против османлиската власт**<br>(крстоносна идеологија, латински држави, опсада, наемничка војска, погранични области, бејлик, гази, освојување, воено-политичка криза, отпор против османлиската власт, Скендербег) | ● Ги наведува главните типови походи и инвазии што го засегаат Балканот.<br>● Ги објаснува поимите крстоносна идеологија, опсада, пограничје и освојување.<br>● Го применува читањето карта за правците на движење и стратешките точки.<br>● Ги опишува непосредните последици врз градовите, трговијата и населението.<br>● Ги споредува мотивите на учесници (религиозни, политички, економски).<br>● Ги објаснува османлиските освојувања во Арберија.<br>● Ги опишува причините за отпорот, одлуките од Леш и борбите на Ѓерѓ Кастриот Скендербег против Османлиите<br>● Ги опишува главните моменти од животот и дејноста на Ѓерѓ Кастриот Скендербег.<br>● Анализира како слабеењето на државите ја олеснува промената на власта.<br>● Ги објаснува долгорочните последици врз политичката структура и демографијата.<br>● Составува осврт „како кризите го менуваат регионалниот поредок“. |
| ● **Рурална организација, селски заедници и феудални односи**<br>(феудализам, феуд, вазал, селска заедница, кмет, десеток, данок во натура, кулук) | ● Ги наведува основните категории на население и нивните обврски во феудализмот.<br>● Ги објаснува поимите феуд, вазал, данок/давачки и кулук.<br>● Го применува поимникот за да го опише односот господар–селанец со конкретен пример.<br>● Ги анализира економските, политичките и општествените карактеристики на Арберските кнежевства;<br>● Ги опишува селската заедница, земјоделскиот циклус и локалната самоуправа.<br>● Ги споредува различните облици на зависност и труд (натура, пари, работа).<br>● Ја анализира врската меѓу земјоседот, воената служба и политичката моќ. |

| | |
|---|---|
| | ● Објаснува како феудалните обврски влијаеле врз животниот стандард.<br>● Изработува куса „социјална схема“ на една рурална заедница со објаснети внатрешни односи. |
| ● **Општествена стратификација на средновековните балкански дворови и кај клирот** (благородништво, двор, властелини, витештво, клир, епископ, монаштво, привилегии, хиерархија) | ● Ги именува главните слоеви: владетел, властела, воини, занаетчии, селани, клир.<br>● Ги објаснува поимите привилегија, хиерархија, двор и црковна структура.<br>● Го применува поимникот при анализа на дворски/црковен документ или опис.<br>● Ги опишува улогите на дворот и црквата во управување и култура.<br>● Ги споредува световната и духовната власт според нивниот легитимитет и влијание.<br>● Ги анализира механизмите на социјална подвижност и ограничувањата.<br>● Објаснува како општественото раслојување влијаело врз правото, даноците и пристапот до образование.<br>● Составува куса аргументација на тема „зошто клирот е носител на писменоста“. |
| ● **Религиски живот: православие, католицизам, богомилство; почетоци на исламизацијата** (православие, католицизам, папство, патријаршија, богомилство, ерес, ислам, шеријат, исламизација) | ● Ги наведува главните верски струи и институции на средновековниот Балкан.<br>● Ги објаснува поимите црква, ерес, патријаршија/папство и исламизација.<br>● Го применува поимникот за да протолкува религиски конфликт/договор во пример.<br>● Ги опишува религиозните практики и нивната улога во заедницата.<br>● Ги споредува верските разлики во учењата, организацијата и политичките врски.<br>● Анализира како религијата се поврзува со власта, правото и идентитетот.<br>● Го објаснува влијанието на Крстонсните војни врз Арберија.<br>● Ги анализира условите за ширење и организација на христијанската вера во средновековна Арберија.<br>● Ги објаснува различните објаснувања за верските промени (принуда, интерес, култура).<br>● Ги идентификува факторите што влијаеле врз ширењето на исламизацијата на Балканот и кај Албанците. |
| ● **Византиски уметнички модели и локални адаптации** | ● Ги набројува основните облици: икона, фреска, мозаик, куполна црква.<br>● Ги објаснува поимите стил, канон, ктиторство и орнаментика. |

| | |
|---|---|
| (иконопис, фрескоживопис, мозаици, купола, базилика, стил, ктиторство, орнаментика, локална школа) | ● Применува визуелно читање за препознавање на стилските елементи врз даден пример.<br>● Ги опишува локалните адаптации на темите, техниката и декорациите.<br>● Споредува два визуелни примери според композиција, симболика и функција.<br>● Ја анализира врската меѓу покровителството, политиката и уметничката продукција.<br>● Ја објаснува уметничка вредност како историски извор за идеологијата и побожноста.<br>● Составува куса изложбена белешка/опис за избран споменик со аргументи. |
| ● **Манастири, скриптории и писменост** (манастир, скрипториум, ракопис, пергамент, глаголица, кирилица, Кутмичевица, Преслав, препишувач, минијатура, хроника) | ● Ги наведува улогите на манастирите во ширењето на образованието и културата.<br>● Ги објаснува поимите ракопис, препишувач, скрипториум и хроника/житие.<br>● Го применува поимникот при опис на процесот на создавање ракопис.<br>● Ги опишува условите за ширење на писменоста и книгите во средниот век.<br>● Ги споредува духовните и световните жанрови според нивната цел и публика.<br>● Анализира како мрежата на манастири влијаела врз културната интеграција.<br>● Ја објаснува веродостојноста и пристрасноста во средновековните текстови.<br>● Составува куса анализа на одломка/извор со издвоени факти и толкувања. |
| ● **Народни епски традиции, обликување на фолклорот и средновековна книжевна продукција** (епска песна, народна традиција, усно предание, јунак, гуслари, летопис, житија, апокрифи, книжевен јазик) | ● Ги наведува основните жанрови: еп, летопис, житие, апокриф.<br>● Ги објаснува поимите усно предание, мотив, јунак и историско сеќавање.<br>● Го применува поимникот за да препознае мотиви во кус текст или пример.<br>● Ги опишува функциите на епиката и книжевноста во рамките на заедницата.<br>● Ги споредува усната и пишаната традиција според пренесувањето и постојаноста на содржината.<br>● Препознава некои аспекти на развојот на уметноста, културата, литературата и образованието во средновековна Арберија.<br>● Анализира на кој начин текстовите градат идентитет и легитимност. |

| | |
|---|---|
| | ● Ја објаснува историската употребливост на епскиот материјал и опасноста од анахронизам.<br>● Составува кус осврт во кој јасно разликува факти, митови и симболика. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- промени на политичката карта и клучни судири/договори меѓу балканските држави и византиската власт;
- фазите на османлиското навлегување на Балканот и падот на клучните политички центри;

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- средновековните држави и нивните приближни граници во различни периоди;
- мрежата на манастири и културни центри како носители на писменоста и уметноста;

**Квиз**:

- на тема: поими и титули од средновековниот Балкан (династија, васалство, феуд, властела, клир, патријаршија и др.);

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- типови средновековни извори (повелба, хроника, житие, летопис, материјални остатоци) со нивните предности и ограничувања;
- религиски и културни обележја: икона, фреска, мозаик, архитектонските елементи и нивната симболика;

**Истражување и критичко размислување**:

- Индивидуално истражување на интернет за прашањето: како се чита средновековен извор – што е факт, што е интерпретација, а што е идеологија? (со кус извор и прашања)

**Визуелизација и креативна продукција**:

- Изработка на постер на тема: „Манастирот како центар на знаење“: книжевност, препишување, образование, уметност, економска улога;

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:

- религијата како фактор на интеграција и како фактор на поделби во средниот век;
- феудалните односи како рамка за моќ и како рамка за обврски и зависности;

**Соживување со минатото:**

- „скрипториумска работилница“: учениците изработуваат мини-страница (текст, иницијал, маргини, декорации) и објаснуваат кои се функциите на ракописот;

**Актуелизација на историјата:**

- Дискусија: средновековието во современи серии/игри: кои елементи се историски оправдани, а кои се стереотипи?

**Улогата на личноста во историјата:**

- Свети Климент Охридски како пример за улогата на поединецот во ширењето на писменоста и културните модели: куса аргументација како институциите (манастирите/училиштата) и личната мисија создале долгорочни придобивки.

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- „Писменоста како моќ во средниот век: кој пишува, за кого пишува, и што се памети?“

***ТЕМА: БАЛКАНОТ ВО НОВИОТ ВЕК***

**ВКУПНО ЧАСОВИ: 18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го опише османлискиот управно-административен систем на Балканот и да го поврзе со секојдневниот живот и локалните заедници.
2. ги објасни причините за подемот на националните движења и востанијата и да ги анализира нивните последици во 18–19 век.
3. го објасни процесот на создавање современи држави на Балканот и улогата на големите сили, договорите и дипломатските признавања.
4. ги анализира демографските промени и миграциите и да ги поврзуе со економски, политички и верски фактори.
5. ги опише процесите на модернизација (урбанизација, инфраструктура, реформи, индустрија/занаетчиство) и нивното влијание врз општествената подвижност.
6. го опише развојот на образованието, печатот и културните програми (романтизам, јазична кодификација, институции) и да ги поврзе со формирањето на модерните идентитети.

Ученикот/ученичката ќе:

1. ја вреднува улогата на образованието и јавната сфера во ширењето на идеите и граѓанското учество во Новиот век.
2. развие свест за сложеноста на националните идеи и нивните различни историски исходи на Балканот.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти: |
|---|---|
| ● **Османлиската Империја на Балканот. Администрација и провинциски структури** (султан, диван, пашалаци, вилает, санџак, кадија, тимар, спахија, јаничари, милет) | ● Ги наведува основните институции и службеници во управата.<br>● Ја објаснува административната, законодавната, економската и социјалната организација на Балканот под османлиска власт (Албанија, Бугарија, Грција, Србија);<br>● Го применува поимникот за да опише како функционира локалната власт.<br>● Ги опишува односите меѓу централната власт и провинциската управа.<br>● Ги споредува административните решенија во различните региони и периоди.<br>● Анализира како управата влијае врз земјиштето, трговијата и секојдневието.<br>● Го анализира економскиот развој во градовите на Балканот под османлиска власт (Албанија, Бугарија, Грција, Србија).<br>● Ги објаснува ефектите врз различните заедници според статус и вероисповед. |
| ● **Подем на националните движења и востанија и основање на балканските држави (Бугарија, Грција, Србија). Албанската преродба и Призренската лига.** (национализам, просветителство, револуција, востание, тајни друштва, устав, автономија, ослободување, големи сили, независност, суверенитет, национална држава, Танзиматски реформи, Албанската лига во Призрен, првите училишта, Битолски конгрес, Елбасански конгрес) | ● Ги наведува главните облици на политичко организирање (друштва, востанија, програми); суверенитет, независност, уставност, институции.<br>● Ги објаснува поимите нација, национализам, автономија и револуција.<br>● Ја опишува појавата, целите и клучните личности во националните движења кај балканските народи (Албанија, Бугарија, Грција, Србија).<br>● Го објаснува значењето на Битолскиот Конгрес и факторите што ја одределе албанската азбука.<br>● Ги споредува различните движења по стратегии и општествена база.<br>● Ја анализира улогата на идеите, образованието и надворешните фактори.<br>● Ги објаснува последиците од реформите во Османлиската Империја врз балканските народи (Албанија, Бугарија, Грција, Србија).<br>● Ги објаснува механизмите на меѓународно признавање и дипломатски договори.<br>● Ги анализира одлуките на Договорот од Сан Стефано и Берлинскиот конгрес; |
| ● **Модерните балкански држави и Балканските Војни** | ● Го применува читањето карта за да ги следи промените на границите и државните територии.<br>● Ги опишува чекорите во изградбата на државните институции и администрацијата. |

| | |
|---|---|
| (конституционализам, граници, дипломатско признавање, договори, реформи, државни институции, Младотурци, востанија против Османлиите; Балкански сојуз, Прва балканска војна, Втора балканска војна, мировен договор, Валонско собрание) | ● Ги објаснува причините за антиосманлиските востанија од 1910-1912 година.<br>● Ги наведува основните настани и поими поврзани со војната и фронтовите.<br>● Ги споредува моделите на државотворност и уредување (монархија, уставни облици).<br>● Ја анализира улогата на големите сили и меѓународната политика.<br>● Објаснува како државотворноста влијаела врз малцинствата и врз односите во регионот.<br>● Ги објаснува причините за војните и целите на учесниците.<br>● Составува куса синтеза (есеј/презентација) за една држава со аргументи и толкувања. |
| ● **Демографски промени, миграции и мозаикот од вери и вероисповеди** (демографија, миграција, колонизација, бегалци, етничка група, вероисповед, конфесија, попис, дијаспора) | ● Ги наведува основните облици на миграции (присилни, економски, политички).<br>● Ги објаснува поимите демографија, попис, дијаспора, конфесија и бегалци.<br>● Ги опишува факторите што поттикнуваат преселби и промени кај населението.<br>● Ги споредува миграциските бранови по причини и последици.<br>● Ја анализира врската меѓу државните политики, конфликтите и демографските поместувања.<br>● Ги објаснува социјалните последици од миграциите (интеграција, тензии, економски промени). |
| ● **Модернизација на градскиот живот, економски реформи и општествена подвижност** (модернизација, урбанизација, занаетчиство, фабрика, железница, трговска буржоазија, аграрни реформи, капитализам, социјална подвижност) | ● Ги наведува обележјата на модернизацијата.<br>● Ги објаснува поимите урбанизација, буржоазија, реформи и капиталистички односи.<br>● Ги објаснува промените во градската средина.<br>● Ги опишува врските меѓу реформите, занаетчиството/индустријата и пазарот.<br>● Ги споредува градот и селото според занимањата, образованието и социјалната структура.<br>● Анализира како модернизацијата создава нови слоеви и нови нееднаквости. |

| | |
|---|---|
| | ● Ги објаснува ефектите врз животниот стандард и можностите за напредување.<br>● Составува куса студија на случај за промените во еден град, со аргументи и примери. |
| ● **Образование, печат и јавната сфера во деветнаесетти век**<br>(училиште, гимназија, печат, весник, читателско друштво, цензура, јавна сфера, писменост, интелигенција) | ● Ги наведува облиците на јавна комуникација (училишта, весници, друштва).<br>● Ги објаснува поимите јавна сфера, цензура, писменост и интелигенција.<br>● Го применува критичкото читање за разликување на факти, ставови и пропаганди во одреден текст.<br>● Опишува како печатот и образованието пренесуваат идеи и програми.<br>● Ги споредува различните типови печат и нивните цели/публика.<br>● Анализира како јавната сфера влијае врз политичката мобилизација и идентитетите.<br>● Ја објаснува веродостојноста и пристрасноста на еден печатен извор од периодот.<br>● Составува кус аргументиран осврт врз основа на два спротивставени извори. |
| ● **Културниот живот на османлискиот Балкан**<br>(чаршија, вакуф, џамија, медреса, хамам, караван-сарај, еснаф, ориентална музика, меана, кафеана, традиционални занаети) | ● Ги наведува главните градски институции и простори на културниот живот.<br>● Ги објаснува поимите чаршија, еснаф, вакуф и верски/образовни установи.<br>● Го применува поимникот во опис на градската структура и функциите.<br>● Ги опишува културните практики во секојдневието (музика, занаети, обичаи, забава).<br>● Ги споредува културните влијанија и локалните традиции во различни средини.<br>● Анализира како економијата и институциите го поддржуваат културниот живот.<br>● Објаснува што претставува заедничко наследство, а што е локална специфичност.<br>● Подготвува куса презентација на тема „еден градски пејзаж“, со извори и визуелни примери. |
| ● **Романтизмот и националните културни програми** | ● Ги наведува клучните теми на романтизмот и националните програми. |

| | |
|---|---|
| (романтизам, фолклор, народна песна, национален препород, јазична кодификација, книжевност, историски мит, национални симболи, историографија) | ● Ги објаснува поимите народ, фолклор, преродба, симболи и јазична кодификација.<br>● Го применува поимникот во анализа на песна/текст/симбол како културен артефакт.<br>● Ги опишува улогите на писателите, собирачите и учителите во културните програми.<br>● Ги споредува различните културни програми според нивните цели и методи.<br>● Анализира како културата се претвора во политика преку разни национални митови и наративи.<br>● Ги објаснува ризиците од идеализација и исклучување во националните наративи.<br>● Составува кус аргументиран текст на тема „како се гради национален наратив“, со примери. |
| ● **Раните научни, книжевни и уметнички институции во новите држави** (академија, универзитет, музеј, библиотека, театар, уметничко друштво, научно друштво, национална галерија, печатница) | ● Ги наведува типовите институции (музеј, библиотека, универзитет, академија, театар).<br>● Ги објаснува поимите институционализација и културна политика.<br>● Го применува поимникот во описот на улогите и функциите на една институција.<br>● Опишува како институциите ги организираат науката, културата и образованието.<br>● Ги споредува институциите според целта, публиката и општествениот ефект.<br>● Ја анализира врската меѓу државата, финансирањето и културната продукција.<br>● Го објаснува долгорочното влијание врз идентитетот, сеќавањето и модернизацијата.<br>● Составува куса студија на случај за една институција со одбрани аргументи и извори. |

**<u>Примери за активности:</u>**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- главните реформи и кризи во османлискиот период и нивните последици во локалните заедници;
- клучните моменти на националните движења и создавањето на модерните држави во 19 век;

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- административната поделба и провинциските структури на Османлиската империја на Балканот;
- промените на границите во 19 век и главните правци на миграции (со легенда и симболи);

**Квиз**:

- на тема: поими од Новиот век (реформи, уставност, национализам, јавна сфера, цензура, урбанизација и др.);

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- извори од 19 век: весник, проглас, мемоар, статистика/попис (што е „информација“, што е „став“, што е „цел“?);
- облици на национални движења: културно-просветно, политичко, револуционерно (со примери на активности и цели);

**Истражување и критичко размислување**:

- Индивидуално истражување на интернет за прашањето: како печатот и читателските друштва создаваат „јавност“ и какви теми доминираат (преку пример на дигитализирани весници/факсимили);

**Визуелизација и креативна продукција**:

- Изработка на постер на тема: „Град во процес на модернизација“ – инфраструктура, нови занимања, училишта, културни институции, промени во секојдневието;

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:

- националната идеја како двигател на слобода и како извор на конфликти: услови под кои се јавуваат двете насоки;
- модернизацијата и социјалната подвижност: придобивки и загуби;

**Соживување со минатото:**

- кус дневник „ученик во гимназија/чирак во чаршија во 19 век“, со опис на образованието, работата, слободното време и јавниот живот;

**Актуелизација на историјата:**

- Дискусија: од весник до социјалните мрежи: што останува исто во создавањето јавни ставови, а што е сменето?

**Улогата на личноста во историјата:**

- Ригас Фереос како пример за улогата на поединецот во изразувањето на современи политички идеи со регионална визија.

| **Натпревар за најдобар есеј на тема:**<br>● „Кога културата станува политика: романтизмот, фолклорот и создавањето национални наративи“; |
|---|

| **ТЕМА:** ***БАЛКАНОТ ВО НАЈНОВИОТ ВЕК***<br>**ВКУПНО ЧАСОВИ: 18** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. ги објасни причините, текот и последиците од Балканските војни и Првата светска војна врз политичката карта и населението на Балканот.<br>2. ги анализира меѓувоените политички системи и клучните фактори што довеле до Втората светска војна, окупацијата и отпорот на Балканот.<br>3. го објасни развојот на социјалистичките модели по 1945, позицијата на Југославија во Студената војна и главните насоки на транзициите по 1989.<br>4. ги опише процесите на индустријализација и урбанизација и ги поврзува со промените во трудот, синдикалното организирање и животниот стандард.<br>5. ги анализира популациските движења, прашањата на малцинствата и социјалните политики и да ја поврзе државната политика со секојдневните искуства на луѓето.<br>6. ги опише културните и медиумските промени во 20 и почетокот на 21 век (уметности, филм, литература, културна политика, глобализација) и да ги поврзе со политиките на сеќавање и постконфликтните процеси.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. ја вреднува важноста на човековите права, демократијата и мирното решавање конфликти како историски лекции од најновото време.<br>2. развие способност за одговорно и критичко користење извори (вклучително и медиуми и сведоштва) при толкување на современата историја на Балканот. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
| ● **Првата светска војна на Балканот**<br>(Сараевски атентат, Прва светска војна, Антанта, Централни сили, Солунски фронт; Привремената влада во Валона; Лондонската конференција, | ● Ги наведува основните настани и поими поврзани со војната и фронтовите.<br>● Ги објаснува причините за конфликтот и целите на учесниците. |

| | |
|---|---|
| конгресот во Лушња, Париската мировна конференција) | ● Го применува читањето карта/временска лента за следење на текот и промените.<br>● Ги опишува последиците врз државните граници и цивилното население.<br>● Ги споредува краткорочните и долгорочните последици во различни региони.<br>● Ги опишува активностите на Привремената влада во Валона.<br>● Ги анализира одлуките на Конференцијата на амбасадори во Лондон.<br>● Го објаснува ставот на Големите сили кон Балканските народи на Париската мировна конференција.<br>● Го анализира причинско-последичниот синџир: национализам–судири–мировни решенија.<br>● Ги објаснува изворите (сведоштва, документи, статистики) според веродостојност и перспектива.<br>● Составува аргументирана синтеза на тема „зошто и како војните ја менуваат политичката карта“. |
| ● **Меѓувоени политички системи на Балканот** (меѓувоен период, парламентаризам, авторитаризам, Големата депресија, фашизам) | ● Ги наведува главните типови на уредувања во меѓувоениот период.<br>● Го објаснува развојот на образованието, културата и аспектите на животот во кралството СХС/Југославија;<br>● Го објаснува развојот на образованието, културата и аспектите на животот за време на албанската република и албанската монархија.<br>● Ги објаснува факторите што воделе кон авторитаризам, радикализација и војна.<br>● Го применува поимникот за да опише конкретен политички систем. |
| ● **Втората светска војна на Балканот** (окупација, колаборација, антифашизам, партизанско движење, НОВ и ПОЈ, офанзиви, десант, Холокауст) | ● Ги опишува окупацијата, отпорот и соработката како појави во војната.<br>● Ја опишува окупацијата и воспоставувањето на италијанската администрација во Албанија.<br>● Ги споредува различните облици на отпор и нивните цели и методи.<br>● Анализира како економската криза и идеологиите влијаеле врз политичките избори.<br>● Го објаснува односот на Балканските народи кон прогонот на Евреите.<br>● Ги објаснува морално-политичките дилеми во историјата без анахрони судови, со докази.<br>● Составува анализа на два извора со спротивставени перспективи и јасни заклучоци. |

| | |
|---|---|
| ● **Студената војна, социјалистичка Југославија и транзициите по 1989**<br>(Студена војна, социјализам, самоуправување, еднопартиски систем, несврзаност, 1989, транзиција, приватизација, демократизација) | ● Ги наведува основните поими: блокови, идеологија, неврзани, транзиција.<br>● Ги објаснува карактеристиките на социјалистичкиот модел и еднопартискиот систем.<br>● Ја применува временската лента за да ги поврзе настаните 1945–1989–по 1989.<br>● Ги опишува реформите, кризите и промените во политичката и економската сфера.<br>● Го опишува распадот на Југословенската федерација и формирањето на новите независни држави.<br>● Ги споредува различните патишта на транзицијата и нивните општествени последици.<br>● Ги анализира причинско-последичните врски меѓу економијата, политиката и идентитетите.<br>● Го објаснува успехот или неуспехот на одредени политики со користење податоци и извори.<br>● Составува синтеза на тема „што значела транзицијата во животот на луѓето“. |
| ● **Индустријализација, урбана експанзија и структури на организираниот труд**<br>(индустријализација, урбанизација, фабрика, планска економија, синдикат, штрајк, работничка класа, инфраструктура, миграција село-град) | ● Ги наведува основните поими: индустрија, планска економија, синдикат, штрајк.<br>● Ги објаснува причините за индустријализацијата и миграцијата село–град.<br>● Го применува читањето статистика/график за работната сила и урбаниот раст.<br>● Ги опишува промените во работните услови и секојдневниот живот во градот.<br>● Ги споредува традиционалните и индустриските занимања според вештините и статусот.<br>● Анализира како трудот и организацијата влијаеле врз политиката и социјалните права.<br>● Ги објаснува ефектите врз нееднаквоста, образованието и социјалната мобилност.<br>● Составува куса студија на тема „една фабрика/град“ со извори и аргументи. |
| ● **Популациски движења, национални малцинства и социјална политика** | ● Ги наведува главните облици на поместувања на население и малцински прашања. |

| | |
|---|---|
| (присилна миграција, размена на население, дијаспора, национално малцинство, граѓански права, социјална политика, социјална држава, здравство, образование) | ● Ги објаснува поимите национално малцинство, граѓански права и социјална држава.<br>● Го применува читањето податоци/карта за населението и неговата распределба.<br>● Ги опишува социјалните политики (здравство, образование, домување) и нивните цели.<br>● Ги опишува економската и политичката положбата на Албанците во Југославија.<br>● Ја идентификува  идеологијата на образованието и кршењето на човековите права за време на комунистичкиот режим во Албанија<br>● Ги споредува политиките на интеграција и асимилација според нивните инструменти и исходи.<br>● Ја анализира врската меѓу конфликтите, миграциите и социјалните тензии.<br>● Го објаснува влијанието на политиките врз еднаквоста и социјалната кохезија.<br>● Составува предлог за анализа на проблем со повеќе наведени перспективи и извори. |
| ● **Политики на сеќавање, помирување и постконфликтни трансформации**<br>(колективно сеќавање, комеморација, споменици, историски ревизионизам, помирување, транзициска правда, мировен договор, трибунал, постконфликтна реконструкција) | ● Ги наведува основните поими: меморија, комеморација, ревизионизам, транзициска правда.<br>● Ги објаснува улогите на спомениците, учебниците и медиумите во градењето на историското сеќавање.<br>● Применува критичко читање за препознавање наративи и селекција на факти.<br>● Ги опишува механизмите на помирување (договори, комисии, судови, јавни дебати).<br>● Ги споредува различните пристапи кон минатото (заборав, судење, дијалог, комеморација).<br>● Анализира како политиките на сеќавање влијаат врз идентитетите и меѓугрупните односи.<br>● Ги објаснува ризиците и придобивките од одреден мемориски модел, со аргументи и извори.<br>● Составува куса анализа на еден контроверзен пример со јасно разграничени факти и ставови. |

| | |
|---|---|
| ● **Авангардата, модернизмот и меѓувоената културна продукција**<br>(авангарда, модернизам, експресионизам, надреализам, манифест, книжевни списанија, уметнички кругови, архитектонски модернизам, рана кинематографија) | ● Ги наведува клучните поими и правци поврзани со авангардата и модернизмот.<br>● Ги објаснува поимите манифест, експеримент, стил и уметничка група.<br>● Применува визуелно/текстуално читање за да препознае модернистички елементи.<br>● Ги опишува темите и техниките на меѓувоената културна продукција.<br>● Ги споредува традиционалните и модернистичките изрази по форма и порака.<br>● Анализира како кризите и новите медиуми влијаат врз уметничкиот избор.<br>● Ја објаснува историската вредност на уметничкото дело како сведоштво за одредено време и идеја.<br>● Креира куса кураторска белешка/есеј за претходно даден пример. |
| ● **Визуелните уметности, книжевноста и филмот во социјалистичкиот период**<br>(социјалистички реализам, државна цензура, културна политика, домови на културата, филмска продукција, фестивал, масовни медиуми, современа литература, модерна уметност) | ● Ги наведува главните облици на културна продукција и институции.<br>● Ги објаснува поимите културна политика, цензура и официјален стил/естетика.<br>● Применува анализа на сцена/текст/плакат за препознавање пораки и симболика.<br>● Ги опишува односите меѓу авторите, институциите и публиката.<br>● Ги споредува официјалните и алтернативните културни изрази по тема и прием.<br>● Анализира како медиумите ги обликуваат колективните претстави и вредности.<br>● Го објаснува степенот на слобода и контрола во различни периоди, со примери.<br>● Составува кус критички осврт на еден културен производ со аргументи и контекст. |
| ● **Културниот пејзаж по 1990: наследство, идентитет, глобализација**<br>(културно наследство, идентитет, глобализација, европска интеграција, културен туризам, дигитални медиуми, невладини организации, мултикултурализам, креативни индустрии) | ● Ги набројува и разбира поимите наследство, идентитет, глобализација и европска интеграција.<br>● Ги објаснува новите фактори: пазарот на култура, дигиталните медиуми и невладините актери.<br>● Применува критичко читање на медиумска содржина за препознавање наративи. |

| | |
|---|---|
| | ● Ги опишува промените во културната продукција, потрошувачката и културниот туризам.<br>● Ги споредува локалните и глобалните влијанија врз јазикот, стиловите и културните практики.<br>● Анализира како наследството се користи во политиката, економијата и идентитетските дебати.<br>● Ги објаснува ризиците од комерцијализацијата и придобивките од заштитата и промоцијата, со примери и аргументи.<br>● Составува кус проектен предлог за интерпретација/заштита на ставка од локалното наследство. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- Балканските војни, Првата светска војна, меѓувоениот период, Втората светска војна (главни пресврти и мировни решенија);
- Студената војна и транзициите по 1989 (политички и економски пресврти, секојдневни последици);

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- промените на граници и фронтови (поедноставено, со јасна легенда);
- демографските поместувања и миграции во 20 век (правци, причини, последици);

**Квиз**:

- на тема: клучни поими од 20 и 21 век (окупација, отпор, колаборација, социјална држава, приватизација, човекови права, политики на сеќавање);

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- визуелни и медиумски извори (фотографија, плакат, говор, вест): целна публика, порака, техники на убедување;
- модели на транзиција по 1989: политички промени, економски мерки, социјални ефекти (со кратка споредба на две држави/два периоди);

**Истражување и критичко размислување**:

- Индивидуално истражување на интернет на тема: проверка на веродостојноста на една „историска“ фотографија/видео што кружи онлајн: извор, контекст, датум, манипулации;

**Визуелизација и креативна продукција**:

- Изработка на постер на тема: „Секојдневието во социјализмот и во транзицијата“: работа, образование, здравство, потрошувачка, медиуми (со извори и кратки легенди);

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:
- дали политиките на сеќавање помагаат или попречуваат при помирувањето (со аргументи од конкретни примери);
- социјалната држава и човековите права: што се очекува од државата, а што од граѓаните;

**Соживување со минатото:**
- усна историја: кратко интервју со постар член од семејството/заедницата за училиштето, работата или миграцијата во 20 век, со разграничување на „сеќавањата“ и „фактите“;

**Актуелизација на историјата:**
- Дискусија: како современите медиуми ја градат сликата за 1990-тите и што значи одговорно известување за блиското минато?

**Улогата на личноста во историјата:**
- Јосип Броз Тито како пример за лидерство, идеологија и меѓународно позиционирање: аргументирана проценка од повеќе перспективи.

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**
- „Што значи „помирување“ на Балканот: институциите, сеќавањето и образованието како фактори на промена“.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедуваат насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за

постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- истражувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (илустрации, презентации, постери и сл.),
- придонес во работата во мали групи,
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и другите активности што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Историја* за II (втора) година гимназиско образование.** | бр. 13-3192/2<br><br>20.02.2026 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |